| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Птиците во зима |
| **Содржина на денот** | Врапче и гугутка |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Марија Галевска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за факторите кои придонесуваат за одржување на нашето здравје. Утринска гимнастика и потсетување на важноста за секојдневното вежбање и одржување на хигиена за да бидеме здрави. |
| **Активности** | Запознавање со птиците во зима-врапче и гугутка„<br>Разговарајте со детето за промените во годишното време зима.За промените во природата ,какво е времето во зима и кои птици остануваат во текот на зимата.<br>Запознајте го преку слики со врапче и гугутка. Предложете му на детето да излезете да прошетате во блиската околина и да ги набљудувате птиците.<br>Разговарајте кој се грижи за нив додека надвор е студенео,и со што се хранат да ја поминат зимата. Предложете да направите куќичка од хартија за да може да ги храните и од Вашиот дом. Ставете ја куќичката на Вашиот прозор или балкон. Ставајте секој ден трошки со детето во куќичката.<br>Детето ќе набљудува секој ден како се хранат врапчето и гугутката.<br>Поттикнете го детето да се грижи за птиците во зима.<br>Може да му понудите на детето да моделира „Трошки за птиците“ од пластелин. Моделирајте и направете мала изложба со детето. |